ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, одлучувајќи по планот за конечна распределба на средства поднесен од стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип, во отворената стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги НОВА ЛОГИСТИК ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци -во стечај, вон рочиште на ден на ден 06.09.2024 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА планот за конечна распределба на средства поднесен во судот од стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип на ден 24.07.2024 година, на кој е дадена согласност од Одборот на доверители на седница одржана на 12.07.2024 и 19.07.2024 година, и согласно кој е извршена распределба на средства во вкупен износ од 202.078.140,00 денари, од кои приоритетни побарувања на вкупно 15 доверители во износ од 435.179,00 денари, процент на намирување 100 % и износ на намирување во висина од 435.179,00 денари и побарувања од повисок исплатен ред во износ од 442.544.946,00 денари, процент на намирување 45,56% и износ на намирување во висина од 201.642.961,00 денари.

О б р а з л о ж е н и е

Пред овој суд во тек е стечајна постапка отворена над имотот на стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги НОВА ЛОГИСТИК ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци - во стечај.

Во рамките на стечајната постапка на ден 12.07 и 19.07.2024 година, одржана е седница на Одбор на доверители на која се донесени одлуки со кои е дадена согласност на предлог-планот за конечна распределба, завршната сметка и завршниот извештај изготвени од стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип.

Со писмен поднесок примен во судот на ден 24.07.2024 година, стечајниот управник до судот ги достави планот за конечна распределбва, завршната сметка и завршниот извештај кои добиле согласност од Одборот на доверители.

Според планот за конечна распределба, распределени се средства во вкупен износ од 202.078.140,00 денари, од кои приоритетни побарувања на вкупно 15 доверители во износ од 435.179,00 денари, процент на намирување 100 % и износ на намирување во висина 435.179,00 денари и побарувања од повисок исплатен ред во износ од 442.544.946,00 денари, процент на намирување 45,56% и износ на намирување во висина од 201.642.961,00 денари.

Со оглас на Основен суд Велес од 15.08.2024 година, кој е објавен на огласна табла и веб сајтот на Основен суд Велес на ден 16.08.2024 година, и оглас на стечајниот управник објавен во дневен весник Нова Македонија на 15.08.2024 година и веб страницата на ЦР на РСМ на ден 15.08.2024 година, известени се стечајните доверители дека во стечајната постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги НОВА ЛОГИСТИК ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци - во стечај, со седиште Населено Место без уличен систем Возарци, Кавадарци со ЕМБ 6314457 и ЕДБ 4011008501021, на ден 12.07 и 19.07.2024 година е одржана седница на Одбор на доверители на која се донесени одлуки со кои е дадена согласност на предлог-планот за конечна распределба, завршната сметка и завршниот извештај изготвени од стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип, дека истите се доставени во стечајниот предмет, а стечајните доверители може да извршат увид во истите и се известени стечајните доверители дека согласно чл. 196 ст.5 од Законот за стечај, против предлог-планот за конечна распределба имаат право на приговор во рок од 8 дена од денот на објавувањето на огласна табла во судот.

Во рокот од 8 дена од денот на објавувањето на огласна табла во судот, не се пристигнати приговори од стечајните доверители.

Согласно сето претходно наведено, а имајќи го во предвид фактот дека никој од доверителите не достави приговор по изготвениот план за распределба, судот одлучи како во изреката на решението согласно чл. 196 од Законот за стечај.

СТ.10/18

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение право на жалба имаат доверители чии приговори биле одбиени. ( Согласно чл.196 ст. 6 од ЗС)

ДН: Стечаен управник Димитар Аџиев од Штип
Сите доверители преку огласна табла и веб сајтот на судот
ЦР на РСМ Велес